Врз основа на Одлуката за издавање под закуп на училишен простор во СОСУ„Илинден“-Илинден, донесена од страна на Училишниот одбор на училиштето со дел. број 02-62/8 од 24.01.2024 година - Комисијата за спроведување на постапката со јавно наддавање при СОСУ „Илинден“-Илинден, го објавува следниот:

# Ј А В Е Н ПОВИК

## *за издавање под закуп на училишен простор со постапка со јавно наддавање за 2024 година*

---

**1. ЗАКУПОДАВЕЦ:** Средно општинско стручно училиште „Илинден“ – Илинден, претставувано и застапувано од Зоранче Арсовски - директор, со седиште на ул „534“ број 29, Марино, Илинден и контакт телефон 02/2 556-111. Лице за контакт за постапката е Игор Атанасов- претседател на Комисијата за спроведување на постапката со јавно наддавање со контакт телефон 02/ 2 556-111

---

**2. ПОНУДУВАЧ - ЗАКУПЕЦ:** Секое заинтересирано правно лице кое е регистрирано за вршење на дејноста согласно предметот на закуп има право да учествува во постапката.

---

**3. ПРЕДМЕТ НА ЗАКУП:**

***3.1.*** **Издавање под закуп на училишен простор, 2 (две) училни исклучиво за курсеви по странски јазици (од понеделник до четврток, со почетни термини од 15 до 20 часот) за период од 13.02.2024 година до 31.12.2024 година со површина од *по 56 $m^2$* со почетна висина на месечната закупнина за двете простории од 12.500,00 денари.**

---

**4.** Висината на неповратен еднократен депозит за учество на огласот за издавање под закуп на училишен простор со постапка со јавно наддавање, којшто треба да се уплати на жиро сметка **100000000063095**, сметка на буџетски корисник **730016197278718**, приходна шифра **723119**, програма **Н2** и цел на дознака: **депозит за учество на оглас,** изнесува:

***4.1.*** **За издавање под закуп на училишен простор 2 училни за период од 13.02.2024 година до 31.12.2024година изнесува 3.000,00 денари.**

---

**5.** Сите заинтересирани понудувачи со приложување на фотокопија од уплатницата и барање за подигнување документација по огласот, ја подигнуваат документација од архивата на училиштето. Подигнувањето на документите ќе се врши секој работен ден од 10:00 часот до 14:00 часот.

---

**6.** Јавниот повик трае 1**5 (пет) дена**, сметано од денот на неговото објавување. Документите ќе се поднесуваат лично во архивата на СОСУ„Илинден“ – Илинден, секој работен ден од 10:00 часот до 14:00 часот или по препорачана, односно брза пошта на адреса - ул. 534 број 29 Марино,Илинден.

---

**7.** Јавното отворање на понудите и усното јавно наддавање ќе се одржи на ден **12.02.2024 година** со почеток во **14:00 часот** во просториите на СОСУ„Илинден“ – Илинден. Сите понудувачи коишто ќе присуствуваат и учествуваат во јавното наддавање задолжително со себе да понесат полномошно и документ за идентификација (лична карта или патна исправа). Полномошното да биде со печат и потпис и заверено од страна на одговорното лице.

---

***Комисија за спроведување на постапка со***
***јавно наддавање при СОСУ„Илинден“ – Илинден***
***П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,***
***Игор Атанасов***

# ДОКУМЕНТАЦИЈА ПО ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА УЧИЛИШЕН ПРОСТОР ВО ПОСТАПКА СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ВО СОСУ„ИЛИНДЕН“ – Илинден

## 1. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ:

*1.1.* **Издавање под закуп на училишен простор за период од 13.02.2024 година до 31.12.2024 година во училиштето, 2 училни исклучиво за курсеви по странски јазици (од понеделник до четврток, со почетни термини од 15 до 20 часот) за период од 13.02.2024 година до 31.12.2024 година со површина од *по 56 m²* со почетна висина на месечната закупнина за двете простории од 12.500,00 денари.**

- Употребата на просторот да не ја загрозува безбедноста на учениците и квалитетот на воспитно - образовниот процес на училиштето.
- Закупецот треба да ја надомести секоја намерно направена штета на просторот, инвентарот и опремата

## 2. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

***2.1. Пријава за учество во постапка со јавно наддавање (прилог број 1);***
***2.2. Изјава дека употребата на просторот нема да ја загрозува безбедноста на учениците и квалитетот на воспитно – образовниот процес на училиштето (прилог број 2);***
***2.3. Доказ за регистрирана дејност (ДРД образец), издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија (ДОКУМЕНТОТ ДА НЕ БИДЕ ПОСТАР ОД 6 – ШЕСТ МЕСЕЦИ И ДА СЕ ДОСТАВИ ВО ОРИГИНАЛ ФОРМА ИЛИ ФОТОКОПИЈА ФОРМА ЗАВЕРЕНА ОД ПОНУДУВАЧОТ СО ПЕЧАТ И ПОТПИС И НА ИСТИОТ ДА ПИШУВА „ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ“);***

Сите документи се доставуваат во затворен плик и во левиот агол на пликот се запишува за која точка од огласот се поднесува пријава, а во десниот агол се запишува „Не отворај“.

***Комисија за спроведување на постапка со јавно наддавање при***
***СОСУ „ИЛИНДЕН“– Илинден***
***П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,***
***Игор Атанасов***

***ПРИЛОГ БРОЈ 1***

| штембил со архивски број на понудувачот |
| --- |
| |

**ДО**
***Комисија за спроведување на постапка со јавно наддавање при СОСУ„ИЛИНДЕН“ – Илинден***

ПРЕДМЕТ: ***Пријава за учество во постапка со јавно наддавање***

ПОНУДУВАЧ: ______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________ /целосен назив на понудувачот/

Почитувани,

Се пријавуваме за учество во постапка со јавно наддавање за објавениот Јавен повик за:
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
____________ /се наведува целосниот назив на точката за која аплицира/

Ве известуваме дека ги исполнуваме сите услови по објавениот повик и во прилог на оваа пријава, ги доставуваме сите потребни документи.

ПОНУДУВАЧ,

______________________
______________________
______________________
______________________
______________________
______________________

ЗАКОНСКИ ЗАСТАПНИК НА ПОНУДУВАЧОТ,

м.п.

______________________________
/име, презиме и своерачен потпис на законскиот застапник/

штембил со архивски број на понудувачот

***ПРИЛОГ БРОЈ 2***

**ДО**
**Комисија за спроведување на постапка**
**со јавно наддавање при**
**СОСУ„Илинден“ – Илинден**

ПРЕДМЕТ: ***Изјава дека употребата на просторот нема да ја загрозува безбедноста на учениците и квалитетот на воспитно – образовниот процес на училиштето***

ПОНУДУВАЧ: ____________________________________________
____________________________________________
____________________________________________
____________________________________________ /целосен назив на понудувачот/

Под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавуваме дека употребата на просторот нема да ја загрозува безбедноста на ученици и квалитетот на воспитно – образовниот процес на училиштето.

За непочитување на оваа Изјава согласни сме да се превземат сите мерки и дејствија со понатамошно постапување на наша штета, а во корист на закуподавецот (училиштето).

Исто така, изјавуваме дека сме целосно свесни за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што може да доведе до поведување на постапка за утврдување прекршочна или кривична одговорност против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

ПОНУДУВАЧ,

______________________________
______________________________
______________________________
______________________________
______________________________
______________________________

ЗАКОНСКИ ЗАСТАПНИК НА ПОНУДУВАЧОТ,

м.п.

______________________________
/име, презиме и своерачен потпис на законскиот застапник/